СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-756/2

16.02.2026 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 6-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 16.02.2026 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Ајхан Сулкоски, а присутни беа и советниците: Жанета Милановска Петреска, Александар Мицкоски, Михајло Данилоски, Ирена Наумоска, Виолета Стефаноска, Бојан Трајкоски, Драган Дејаноски, Мирсад Рамазаноски, Илир Рушани, Шефки Имети, Суарта Салију Османи, Асип Зендели, Фадил Емини, Кујтим Касами, Теута Ахмеди Пурелку, Беќир Османи и Стево Стефаноски.

Отсутна беше советничката Латифе Лимани.

На седницата беа присутни и: Секретарот на општината-Анета Настеска, Валдет Селими, Бујар Весели, Ристе Лазаровски, Игор Пејоски, Емилија Петкоска, Ленче Србиноска, Мите Димитријоски, Арбен Ристеми-преставници од општинската администрација, Директорот на ОСУ„Мирко Милески“, Директорот на ОУ Работнички универзитет „Крсте Мисирков“, Директорот на ЦОУ „Санде Штерјоски“, Директорот на ООУ „Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица, Секретарот на ЈОУ ДГ „Олга Мицеска“ Кичево.

На седницата присуствуваа и новинар од : ТВ Ускана.

**Претседателот на советот** откако канстатира дека има кворум за работа праша дали некој има забелешка на Записникот од 5-та седница на Советот на општина Кичево одржана на 29.01.2026 г.

Бидејќи никој не се јави за збор, **Претседателот на Советот** го стави на усвојување Записникот од 5-та седница на Советот одржана на 29.01.2026 г. и истиот се усвои едногласно со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог Извештај (К1,К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Кичево-четврти квартал: ЈАНУАРИ- ДЕКЕМВРИ 2025 г.

2.Предлог Правилник за доделување потврда- ваучер за купување и вградување високо ефикасен инвертер клима уреди во домаќинствата за 2026 година.

3.Предлог Програма за работа на Советот на Општина Кичево за 2026 г.

4.Предлог Одлука за давање на согласност на Статутот на ООУ „Ѓерк Кастриоти Скендербеу“ с. Србица- Кичево.

5.Предлог Одлука за именување на членови на Управен Одбор во ОСУ ,,Мирко Милески„ Кичево.

6. Заклучок за давање на позитивно мислење за Продолжен престој на ученици во ООУ „Санде Штерјоски“ Кичево.

7. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за процена на штета од други несреќи.

8. Предлог Заклучок за давање на позитивно мислење за измена на планот за вработување за 2026 година на ОУ РУ„Крсте Мисирков“ Кичево.

9. Предлог Финансиски план за 2026 година на ЈОУ ДГ „Олга Мицеска“ Кичево.

10. Одлука за отпочнување на постапка за спроведување конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево.

11.Одлука за основање на Јавно Претпријатие за планирање, проширување и надзор.

12. Разно.

**Претседателот на советот** праша дали некој има измена и дополна на Дневниот ред.

**Михајло Данилоски-** Предложи дополна на дневниот ред, 12-та точка да биде: Одлука за плаќање на котизација на ФК „Напредок“ и ФК„Влазрими“.

**Валдет Селими**- Информира дека има уште една дополна на дневниот ред, 13-та точка: Одлука за доделување Лаптопи на советниците.

12-та точка од предложениот дневен ред сега ќе биде 14точка.

**Илир Рушани**- Информира дека на кординација побарале точка на дневен ред да се стави за рушењето на дивогрдбите. Во врска со тоа да биде присутен Градоначалникот на седница или некој од кабинетот и да објасни за редоследот по кој се рушат дивоградбите. Во дневниот ред не била ставена таа точка за оваа седница, праша зошто не е ставена на дневен ред за оваа седница, зошто е тргната од дневен ред и зошто не е присутен Градоначалникот на седница.

**Секретарот на општината**- Информира дека во врска со таа точка Градоначалникот сметал дека се работело за Извештај кој треба да се изработи од службите и тој се подготвувал, а откако ќе се изработи ќе се стави на дневен ред. Во врска со неприсуството на Граданачалникот одговори дека тоа било од објективни причини.

**Илир Рушани**- Праша зошто некој од кабинетот не бил овластен да присуствува или некој од администрацијата и да ги известел за редоследот на рушење на објектите. Истакна дека тој тоа го барал веќе трета седница и дека немало транспарентност од страна на Градоначалникот спрема нив и ѓраѓаните. Побара дополнителните точки да се повлечат, бидејќи не бил почитуван Деловникот за работа на советот, материјалите за нив биле добиени во петок и немало седум дена до одржување на седницата и тие точки не биле предложени на координација. Истакна дека од страна на МЗ во Кичево имало доставено барање со бр.03-847/1 од 12.02,2026 г. и барање од Исламската заедница со бр. 03-846/1 од 12.02.2026, праша зошто за нив нема материјали и зошто нема известување за нив. Праша зошто тие барања не се доставени до советот и зошто не се во дневниот ред.

**Претседателот на советот**- Информира дека барање од Исламската заедница немало доставено до него и праша за што се однесува тоа.

**Илир Рушани**- Информира дека тоа било за дивата депонија.

**Претседателот на советот**- Информира дека немало такво барање, а во врска со тоа имало демант на социјалните мрежи- Веб страната на општината, дека тие информации не биле точни.

**Илир Рушани**- Информира дека тие информации не се правеле преку социјалните мрежи и дека општината е институција и за тоа требало да има документ. Побара транспарентност и пауза од 10 мин. за да се види во архивата дали се пристигнати барањата .

**Претседателот на советот**- Информира дека согласно член 60 од Деловникот Дневниот ред за седницата се утврдува на почетоткот на седницата и го цитира истиот. Истакна дека немало основа тие точки да се повлечат.

**Илир Рушани**- Информира дека и тој зборувал согласно член 59 од Деловникот и дека немале добиено материјали за дополнителните точки и дека немало транспарентност.

**Претседателот на советот**- Информира дека Претседателот на советот имал право да го дополни дневниот ред согласно тој член.

**Илир Рушани**- Информира дека е потребно да го имаат материјалот.

**Валдет Селими**- Информира дека тоа барање небило стигнато до советот и дека тој го зел од архива пред почетокот на седницата.

**Илир Рушани**- Информира дека тоа било нивни проблем зошто небило стигнато до советот и дека двете барања биле примени во архивата и праша кој за тоа треба да ги информира.

**Секретарот на општината**- Информира дека барањата не биле стигнати ни до неа, ни до кабинетот.

**Илир Рушани**- Информира дека тие биле до советот и Градоначалникот, а зошто не биле стигнати незнаел.

**Претседателот на советот** даде пауза од 10 минути. По паузата седницата продолжи.

**Секретарот на општината**- Информира дека барањата биле во кабинетот и адресирани до Советот и Градоначалникот. Тие биле разгледани и врз основа на нив бил демантот за дивата депонија на Веб страната на Општината. Потоа информира дека во тек се преговори за Регионална депонија и дека во Кичево ќе имало трансферна станица за отпад која ќе се

гради врз основа на европски правила и дека за тоа навреме ќе бидат известени.

**Илир Рушани**- Побара да се изготви писмено известување до граѓаните и да се проследи документ за тоа до нив и тие да го разгледаат. Проблемот за тоа бил во кабинетот.

**Секретарот на општината**- Информира дека барањата се читаат во точката Разно и не ги добиваат во материјали, бидејќи не биле доставени во во доволен број примероци.

**Илир Рушани**- Информира дека граѓаните требало писмено да се известат, за да знаат дека таму нема да се изгради дива депонија.

**Суарта Салију Османи**- Праша зошто нивното барање од НАИ се игнорира и дека таа точка за рушењето на објектите била актуелна во градот. Истакна дека Градоначалникот користел дискреционо право да се повлече точката. Информира дека тие нема да се повлечат од преставувањето на 12.000 албанци во градот.

**Илир Рушани**- Информира дека Претседателот на советот имал надлежност да го одреди дневниот ред за седницата и го предложи и сугерира дека немора да се слуша Градоначалникот за тоа.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека Секретарот се правдал за точката за дивоградбите дека не била подготвена од службите. Истакна дека тоа било празно убедување на кое тие не верувале.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Дневниот ред со предложените две дополни и тој се усвои со 14 гласа ЗА. 4 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Извештај (К1,К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Кичево-четврти квартал: ЈАНУАРИ- ДЕКЕМВРИ 2025 г.

**Бујар Весели-** Информира дека се работи за Извештај за квартал кој го третира реализацијата на приходите и расходите, долгот и заемот на општината. Реализацијата на буџетот била 73,5% и имало мало покачување. Потоа, детално ојасни. Истакна дека повеќе требало да се работи за собирање на комуналните такси и данокот на имот за постабилен финансиски просперитет на општината, а долгот на општината да се намали.

**Стево Стефаноски**- Побара писмено да му се одговори кон кого биле задолжувањата за 30 и 60 дена.

**Бујар Османи** -Даде објаснување во врска со тоа и информира дека подетално писмено ќе му одговори.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Извештајот (К1,К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Кичево-четврти квартал: ЈАНУАРИ- ДЕКЕМВРИ 2025 г и тој се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Правилник за доделување потврда- ваучер за купување и вградување високо ефикасен инвертер клима уреди во домаќинствата за 2026 година.

**Емилија Петкоска-**Информира дека врз основа на точка 7 од програмата за набавка на инвертер клими бил изготвен Правилник и таму била вклучена сета работа за добивање ваучери за инвертер клими**.**

**Суарта Салију Османи-** Информира дека го прочитала Правилникот и дека во член 21 имало зборови кои не биле преведени на албански и посочи примери за тоа. Истакна дека тоа ќе било последен пат што ќе барала да се употребува албанскиот јазик.

**Емилија Петкоска**- Информира дека тоа нема да се повтори во иднина.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за доделување потврда- ваучер за купување и вградување високо ефикасен инвертер клима уреди во домаќинствата за 2026 година и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа на Советот на Општина Кичево за 2026 г.

**Валдет Селими-** Информира дека Програмата е за работата на Советот за 2026 г. Истакна дека таа била поделена во два дела и тоа: првиот од јануари до јуни и вториот од јули до декември. Програмата била од отворен каракер и можела да се менува.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за работа на Советот на Општина Кичево за 2026 г. и таа се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на согласност на Статутот на ООУ „Ѓерк Кастриоти Скендербеу“ с. Србица- Кичево

**Директорката**- Информира дека Статутот имал измени и побара тие да се усвојат онака како што биле усвоени од Училишниот одбор.

**Суарта Салију Османи**- Даде сугестија за јазикот (азбуката) во чл.3 од Статутот за поголемо разбирање.

**Стево Стефаноски**- Праша која е промената во Статутот.

**Директорката**- Информира дека тоа е датумот на патронат на училиштето, порано бил 20 Септември, а сега 6 Мај денот на роденденот на Ѓерк Кастриоти, тоа дека порано работеле во две, а сега во една смена и др. законски потреби.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на согласност на Статутот на ООУ „Ѓерк Кастриоти Скендербеу“ с. Србица- Кичево и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути да се состане Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања. По паузат седницата продолжи.

**5.ПЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за именување на членови на Управен Одбор во ОСУ „Мирко Милески„ Кичево

**Жанета Милановска Петреска**- Информира дека комисијата се состанала и расправала по точката и ги усвоила следните предлози за членови на одборот: Виолета Стефаноска, Бојан Трајкоски и Ајхан Сулкоски. Предложи предлогот да се усвои.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека во тој одбор предходно имало преставници од Секторот за образование, а сега немало. Истакна дека подобро би било да има и преставници од општинската администрација заради подобра координација.

**Директорот на ОСУ„Мирко Милески**“-Информира дека не се работело за Убравен, туку за Училишен одбор и тоа треба да се поправи во Одлуката. Одборот броел 12 члена и тројца од нив биле од општината која ги делегирала. Мандатот на предходните три члена им истекол и сега требало нови да се изберат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за именување на членови на Училишен Одбор во ОСУ „Мирко Милески„ Кичево и истата се усвои со 18 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Заклучок за давање на позитивно мислење за Продолжен престој на ученици во ООУ „Санде Штерјоски" Кичево

**Директорот**- Информира дека просторот за продолжен дневен престој на учениците бил уреден, во него ќе работат наставници кои веќе биле вработени во училиштето. Побара да се усвои Одлуката од страна на Советот.

**Илир Рушани**- Информира дека во став 2 стоело дека финансиски средства ќе се обезбеделе од општината и училиштето. Праша дали се обезбедени тие средства.

**Директорот**- Информира дека се обезбедени средства и вработените за таму биле од училиштето и немало потреба од дополна.

**Илир Рушани**- Информира дека прашувал, затоа што, ако е потребно за тоа, тие да даонесат посебна Одлука од Советот за да може да работи престојот.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Ја поздрави иницијативата за престојот и информира дека тоа е потребно за сите. Со тоа се инвестирало во образованието на децата, бидејќи тие таму ќе учат, ќе се социајлизираат итн.

**Директорот**- Се заблагодари.

**Стево Стефаноски**- Ја поздрави иницијативата и праша зошто материјалите за таа точка и за десетата точка не биле преведени на македонски и апелира да не се повтори тоа.

**Илир Рушани**- Информира дека материјалите се двојазични и дека на седницата која се одржа на 30.12 2025 г. ја имале таа точка и побарал да се повлче од дневен ред, бидејќи не биле преведени на албански. Сега материјалите биле само на албански, а не на македонски, бидејќи на македонски ги имале од тогаш.

**Стево Стефаноски**- Информира дека не бил присутен на таа седница.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Заклучокот за давање на позитивно мислење за Продолжен престој на ученици во ООУ

„Санде Штерјоски“ Кичево и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за процена на штета од други несреќи

**Игор Пејоски**-Информира дека Извештајот е за поплавите од Зајаска рака и Треска кои биле на 6 и 7 јануари оваа година. Имало поплавени голем број домаќинства и имало поднесено 221 барање од физички лица и 7 од правни субјекти. Барањата се разгледани и записнички се евидентирани штетите на секое домаќинство посебно. Вкупната сума била околу 30 милиони денари или 470 илјади евра. Овој извештај откако ќе се донесе се доставувал до Влада и тие noселе Одлука за висината исплата на штетата. Тие средстав се прфрлале на посебна сметка на општината, а потоа им се префрлало на загрозените.

**Шефки Имети**- Информира дека штетите биле големи, а малку било вреднувано. Праша дали од тогаш општината презела мерки за да се спречат нови поплави. Вчера имало нови поплави, колкав ќе бил износот со новите поплави. Праша дали се преземаат мерки.

**Игор Пејоски**- Информира дека тој информира како претседател на комисијата за штети. Истакна дека е направена ревитализација на речното корито.

**Илир Рушани**- Информира дека за тоа тогаш, требало да ги информираат од кабинетот на Градоначалникот. Во спортската сала имало сместено 200 луѓе без основни услови. Имало такви станови за нив и праша зошто луѓето небиле третирани како треба.

**Секретарот на општината**- Информира дека во текот на еден месец се случиле две поплави. Истакна дека на луѓето што се смесени во спортската сала им е обезбедена храна, вода, лекарски прегледи итн. Помош имало од ЈП„Комуналец“, од ТППЕ Кичево, како и од други градови.

**Илир Рушани**- Праша врз основа на кои критериуми е вреднувана штетата, бидејќи одредената вредност била мала. Владата можела да ги обештети од 10-30%. Праша како е одредена Методологијата на пресметка.

**Игор Пејоски**- Информира дека тоа се констатира со излегување на лице место. Комисијат работела врз основа на Методологијата и реално е сработено се. Секое материјално средство кое е оштетено се проценува со 60% оштета.

**Теута Ахмеди Пурелку-** Информира дека кај нас е сериозен проблемот со поплавите. Голем број граѓани биле поплавени. Сериозно требало да се исчистат каналите и одводните води, за да тоа не се повтори повторно.

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот за процена на штета од други несреќи и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Заклучок за давање на позитивно мислење за измена на планот за вработување за 2026 година на ОУ РУ„Крсте Мисирков" Кичево

**Директорот**- Информира дека било потребно да се измени едно работно место кое требало да се систематизира. Тоа било предвидено во делот 4.

**Илир Рушани-** Праша дали е добиена согласност од Министерството за да може да се реализира вработувањето.

**Директорот**- Информира дека Министерството за култура давало согласност за плати. Потребно било прво тоа да се усвои на совет, а потоа одлука од Министерството за култура, кое Министерство барало согласност од Министерството за финансии. Ако се обезбеделе средства, ќе се водела нова постапка за спроведување на огласот за вработување.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Заклучокот за давање на позитивно мислење за измена на планот за вработување за 2026 година на ОУ РУ„Крсте Мисирков" Кичево и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски план за 2026 година на ЈОУ ДГ „Олга Мицеска" Кичево

**Секретарот на градинката-** Информира дека таа е тука денеска, бидејќи Директорката била поплавена и неможела да дојде. Истакна дека електронски планот им бил доставен.

**Илир Рушани-** Честита за употребата на албанскиот јазик во материјалите што се доставени и информира дека ќе го подржуваат тоа и понатаму.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот план за 2026 година на ЈОУ ДГ „Олга Мицеска" Кичево и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за отпочнување на постапка за спроведување конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Ристе Лазаревски**- Информира дека од страна на Градоначалникот Секторот за урбанизам добил задача за облагодарување на плоштадот на градот. Плоштадот да се прошири и да има нова вредност. Истакна дека концептот бил во два дела и имало графички приказ до каде тој можел да се прошири. За да тоа да се реализира потребно било да се повикаат на Јавен оглас повеќе проектански бироа. Потоа, ќе се награделе три труда од страна на општината, кои заедно ќе се вклопат и ќе се работи. Информира дека се очекувало нов просторен капацитет и ќе имало промена на сообраќајниот режим и специјален сообраќаен режим за одредени возила во текот на денот и појасни. Истакна дека за тоа се направени анализи.

**Шефки Имети**- Информира дека во последните години се реконструирал плоштадот, а тие биле против тоа. Истакна дека немало потреба од тоа, бидејќи сега имало проблеми со поплавите и депонијата.

**Ристе Лазаревски** – Информира дека тоа е идејен дел и тоа ќе било добро за центарот на градот.

**Илир Рушани**- Информира дека за тоа немало јавна дискусија, требало да биде транспарентно и не требало да се спроведе без мислење на граѓаните. Побара да се повлече за наредна седица.

**Ристе Лазаревски**- Информира дека тоа е идејно решение и се барало сега само да се почне со работа, а потоа ќе се видело што ќе се прифати, а што не. Истакна дека потоа ќе имало за тоа студии, снимки, најдобри идејни решенија итн. Тоа било почеток на една идеја.

**Шефки Имети**- Информира дека на предходната седница гласале за измена на ГУП и требало да се види каде плоштадот ќе се позиционира во него.

**Ристе Лазаревски**- Информира дека сега се зборувало само за идејно решение и дали тоа ќе се прифати, без разлика на ГУП.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека реално ја зачудила таа точка. Таа не била приоритет, имало други проблеми сега по кои требало да се постапи. Потоа посочи неколку примери, како и тој со уличните кучиња за кои не е работено. Истакна дека тоа не е потребно и не го подржува.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за отпочнување на постапка за спроведување конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 4 гласа ПРОТИВ . 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за основање на Јавно Претпријатие за планирање, проширување и надзор

**Драган Дејаноски-** Информира дека денеска се состанала во полн состав Комисијата за именување на улици, плштади и други инфраструктурни објекти и одлучила со 4 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ (нема), името на претпријатито да биде „Кичево Проект".

**Секретарот на општината**- Информира дека Одлуката била за формирање на ЈП кое ќе врши се што е потребно за градот во врска со планирање, проширување и надзор, а тоа ќе било поисплатливо за општината.

**Илир Рушани**- Информира дека не е потребно да се формира нов субјект, туку по потреба да се ангажираат лиценцирани претпријатија за таа цел. Истакна дека тоа би било дополнителен трошок за општината кој не е потребен или тоа можело да го врши посебно Одделение. Информира дека тоа нема да биде финансиски издржливо. Истакна дека името на ЈП „Кичево Проект"не го преставувало нашиот идентитетот и требало да го претставува идентитетот на сите. Информира дека се против.

**Секретарот на општината**- Информира дејноста на претпријатиетие била таква, така што, тоа неможела да го врши општината и за тоа имало посебна шифра на дејност. Направена била финансиска конструкција и е видено дека е поисплатливо за општината, во однос да се ангажираат приватни претпријатија. Приоритет во него секогаш ќе имале проектите на општината.

**Шефки Имети-** Информира дека на комисијата во врска со името бил против. Информира дека сме мало место и дека немало потреба од тоа. Со тоа се правело монопол и товар за општината. Истакна дека немало да биде функционално и дека така било и со „Студенчица".

**Илир Рушани**- Информира дека шифрата на дејност општината можела да ја измени. Тоа претпријатие ќе се финансирало од општината, а не од централно ниво. Па затоа подобро било да има Одделение за тоа. Побара

за тоа да не се гласа сега и подобро да се разгледа во наредна седница. Предложи да се повлече, бидејќи ќе се финансира од буџетот на општината.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека тие се против оваа ЈП. И наведе 5 причини за тоа: 1. Основањето на ЈП ќе биде дополнителен буџет на општината со дополнителни трошоци за плати, оперативни трошоци итн. 2.Недостаток од економска оправданост и појасни за тоа. 3.Поставување на постоечки објекти кои го работат тоа и имаат лиценца. 4. Ризик од политизација при вработувањето и упрвувањето, кое може да доведе до негативности во ефектот на работење. И 5.Немањето на физибилити студија-нема доволно финансиски анализи за квалитетот на претпријатието. Истакна дека основањето на ова ЈП, не е во интерес на општината.

**Ристе Лазаревски** – Информира дека тоа претпријатие неможело да биде во општината, туку морало да биде надвор од неа. Истакна дека повеќе од 10 год. Урбанистички планови noселе други претпријатија и дека сега тоа немало да биде така и ќе се правело во интерес на граѓаните.

**Илир Рушани**- Праша кој ќе биде основач на претпријатието. Кој ќе го именува Директорот, Управниот одбор.

**Ристе Лазаревски**- Истакна дека тоа неможело да биде во Секторот за урбанизам, бидејќи во случајот сами ќе наредуваат и сами ќе одобруваат.

**Секретарот на општината**- Информира дека по формирањето на ЈП, ќе се донесел Статут на претпријатието и ќе имало минимални вработувања. ЈП ќе го формирал советот и тој ќе имал други проверки во работата во однос на општината.

**Илир Рушани**- Праша дали е истражувано нешто во врска со таквите ЈП.

**Ристе Лазаревски**- Информира дека се направени анализаи за тоа како работат таквите претпријатија во Прилрп, Куманово, Битола итн. и се увидело дека работат доста позитивно. Потоа, образложи со примери. Информира дека немало да биде на штета, ако се формирало претпријатието.Истакна дека за да се формира ЈП биле потребно да се вработат 5 лица.

**Суарта Салију Османи**- Праша, ако е во интерес на граѓаните дали ќе се донесел ГУП и ако не се донесел за 1 год, ќе се сметало дека тоа се формира само за нови вработувања.

**Ристе Лазарески**- Информира дека ГУП ќе коштал 400.000 илјади денари. Истакна дека тоа ЈП, ќе било во прилог за општината.

**Стево Стефаноски**- Информира дека според Деловникот требало да се води сметка за дискусиите.

**Шефки Имети**- Информира дека е потребно тука транспарентно да зборуваат во интерес на граѓаните.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека за ГУП е потребно голема сума пари, но не бил само тоа, туку се работело и за партиски вработувања.

**Стево Стефаниски**- Информира дека тоа е сериозна тема и сигурно е направено и има некое финансиско одобрување. Формирањето ќе ја одобри и динамиката на изработка на ДУП и др. парцијални планови кои се предвидени во Програмата за градежно земјиште. Истакна ако во претпријатието работат 5-10 луѓетие со својата работа, ќе ги одработат финансиите. Информира дека вработувањата неможат да бидат политички и дека требало тие да бидат со овластени лиценци и да бидт стручни лица, а не од општината. Истакна дека претпријатието ќе функционира подолг период и ќе било бенефит за сите.

**Ристе Лазаревски**- Информира дека самото претпријатие ќе ја регулира динамиката на работата.

**Стево Стефаноски**- Информира дека општината ќе барала од ЈП како барател, каква ќе биде динамиката.

**Ристе Лазаревски**-Истакна дека општината од претпријатието ќе нарачува да изработува проекти според приоритетите. Цел била да се направат поголем број на проекти.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека за партиските вработувања се мотивирала од укинувањата на Договорите за работа на вработени во општината и дека само дел од нив биле обновени.

**Илир Рушани**- Побара да не се дискриминира никој и сакал да види како и други гласаат за тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за основање на Јавно Претпријатие за планирање, проширување и надзор и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАН.

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за плаќање на котизација на ФК ,,Напредок" и ФК,,Влазрими"

**Валдет Селими**- Информира дека двата ФК ,,Напредок" и ФК ,,Влазрими" имале поднесено барање за исплата на котизација 80.000 денари за полусезона за клуб. Предложи да се подржи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за плаќање на котизација на ФК ,,Напредок" и ФК ,,Влазрими" и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**13. ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за доделување Лаптопи на советниците

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за доделување Лаптопи на советниците и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**14. ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Разно

**Илир Рушани**- Во врска со доставеното барање за проблемот со изградба на депонијата на место викано ,,Требичево" побара во интерес на граѓаните да им се достави одговор со писмен документ потпишан од Градоначалникот и од Претседателот на советот.

**Секретарот на општината**-Информира дека таму неможело да се изгради дива депонија. Општината била во преговори за изградба на Регионална депонија, чиј трансфер на седиште требало да се одреди од страна на советот во согласност со законот. Истакна дека во моментот на посоченото место немало депонија.

**Стево Стефаноски**- Информира дека како претседател на комисијата за урбанизам, сака да информира дека на координација се договориле да се свика седница на комисијата во поширок состав, со цел да се разгледаат сите барања за градбите и комуналната хигиена што се во нивна надлежност. Исто така, да се повикаат и надлежните служби, за да и тие во својата надлежност постапуваат. Истакна таа седница дополнително да се свика, а сега се откаже поради вчерашните поплави.

**Михајло Данилоски**- Информира дека во врска со поплавите треба да се има јавна подршка и единство на општината во координација со ЈКП,,Комуналец" и ,,ТППЕ" Кичево и другите општини кои помогнаа, како и

подршка до Градоначалникот. Истакна дека доколку е потребно за тоа, тие како Совет можат да се свикаат и вонредна седница.

**Претседателот на советот** го прочита Барањето со бр.08-727/1 од 06.02.2026 г. од жителите од населбата „Иванидол“ на улица „Тренко Тасески“ за уредување на долот и изградба на мост на тој дел поради излевање на каналот и поплавување на куќите. Барањето го доставуваат по втор пат, бидејќи предходниот состав на општината не им излегол во пресрет. Имале предходно барање со бр.08-2595/1 од 14.10.2024 г.

Советот одлучи барањето да се проследи до Одделението за комунални дејности.

Потоа, **Претседателот на советот** го прочита и Барањето со бр.08-793/1 од 10.02.2026 г. од Здружението за такси превозници ЕДИНСТВЕНИ Кичево за изнаоѓање решение на проблемите со кои се среќаваат лиценцираните авто-такси превозници. Дел од проблемите се: Тарифата на цената на такси превозот од километари, стартот за дневна и ноќна тарифа со наведени предлози од нив, за зголемувањето на паркинг местата за таксистите низ градот и нивно обележување со боја со нивни предлози, гонењето на диви таксисти, субвенции за хибридни возила и одобренија на возила за лизинг и да се донесе одлука такси-возилата да не бидат во жолта боја.

**Валдет Селими**- Информира барањето да се достави до кабинетот на Градоначалникот и таму се разгледа.

**Илир Рушани**- Го подржа Михајло и информира дека Градоначалникот не ги почитувал и не дошол да бара од нив нешто, а доколку имало потреба за нешто тие биле секогаш тука.

**Стево Стефаноски**- Праша дали во општината имало вработено Сообраќаен инжињер -Инспектор кој треба да ги регулира и контролира таксистите.

**Секретарот на општината**- Информира дека општината имало вработено Овласен инспектор за сообраќај и дека се издавале лиценци за такси превоз. Тој бил надлежен за дел од тие барање што ги навеле таксистите, а дел биле во надлежност на други служби. Наведе примери.

**Валдет Селими**- Информира дека во барањето се наведени повеќе проблеми и тоа било доставено и до Градоначалникот. Затоа решил да се упати до Градоначалникот и тоа да се разгледа со Инспекторот за сообраќај и доколку е потребно, да се формира комисија за да го разгледа тоа.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 13 часот и 15 минути.

Записничар                                        Совет на општина Кичево

Ленче Србиноска                                        Претседател

Ајхан Сулковски